# КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ ОД КОРОНА ВИРУСОТ

## ОСТАНИ ДОМА, СПАСИ ЖИВОТ




**ТЕМЕЛНО МИЈ ГИ РАЦЕТЕ**



**ДЕЗИНФИЦИРАЈ ГО ТЕЛЕФОНОТ**



**НАЈДИ НОВ ПОЗДРАВ (БЕЗ ДОПИР)**



**ПОДОБРО Е КАФЕТО ДА ГО ИСПИЕШ ДОМА**



**ЌЕ СЕ ЖУРКАМЕ ДРУГ ПАТ, ПОЧЕКАЈ**



**СЕДИ ДОМА, ИМАШ НЕИЗГЛЕДАНИ СЕРИИ**

**Бесплатен телефонски број за прашања во врска со коронавирусот -24/7**

**0800 002 03**

www.nationalromacentrum.org

National Roma Centrum

# ШТО Е КОРОНА ВИРУСОТ И КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ

**1**



КОВИД-19 е заразна болест предизвикана од нов коронавирус, кој за првпат е регистриран кај луѓето.

**2**



Се пренесува преку човечки контакт, главно преку ситни капки кои завршуваат во воздухот кога заразениот човек зборува, кашла или кива.

**3**



Овие капки може да завршат во устата или носот на луѓето кои се во близина.

**4**



Капките се тешки и не може да поминат големо растојание во воздухот - приближно околу еден метар и за кратко време завршуваат на било која површина.

**5**




Се пренесува главно со блиски контакти меѓу луѓето. Токму поради оваа причина, пренесувањето кај луѓето најчесто се случува кога станува збор за блиски контакти.

**6**



Се уште не е познато колку време вирусот може да преживее на тие површини.

**7**



Затоа, потребно е редовно да се чистат површините, особено оние во близина на луѓе кои се веќе заразени со КОВИД-19.

**8**



Поради тоа, треба да се воздржите од допирање на очите, носот или устата, бидејќи со контаминирани раце од површините може да си го пренесете вирусот себеси.

**ВАЖНО:**

Кога кашлате или кивате, покријте го носот или устата со внатрешната страна на лактот или употребувајте шамивче за една употреба. Шамивчето веднаш фрлете го во корпа за отпадоци.

Најефикасен начин да се спречи ширењето на новиот корона вирус е **често** чистење на рацете со **алкохолно средство за дезинфекција** или миење на раце со **сапун и вода**.

www.nationalromacentrum.org
National Roma Centrum